

# КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

**март, 2023 година**

## СОДРЖИНА

Р Е З И М Е ........ 2
**1. РЕАЛЕН СЕКТОР** ........ 3
Индустриско производство ........ 3
Број на работници во индустријата ........ 4
Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите ........ 5
Инфлација ........ 6
Берзански цени ........ 7
**2. НАДВОРЕШНОТРГОВСКА РАЗМЕНА** ........ 9
Извоз ........ 9
Увоз ........ 10
Салдо на трговска размена ........ 11
Валутна структура ........ 12
**3. ФИСКАЛЕН СЕКТОР** ........ 12
Буџетски приходи според економската класификација ........ 12
Буџетски расходи според економската класификација ........ 13
Расходи по буџетски корисници ........ 14
Буџетско салдо ........ 15
**4. СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР** ........ 16
Нововработени и регистрирани невработени лица во Агенцијата за вработување ........ 16
Плати ........ 17
Пензии ........ 17
**5. МОНЕТАРЕН И ФИНАНСИСКИ СЕКТОР** ........ 18
Примарни пари ........ 19
Депозитен потенцијал ........ 19
Кредити на банките ........ 20
Каматни стапки на депозитни банки ........ 21
Пазар на капитал ........ 21
Девизни резерви ........ 21



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

# Р Е З И М Е

## НА НАЈВАЖНИТЕ КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

март, 2023 година

- Индустриското производство во март 2023 година забележа раст од 1,3% во споредба со истиот месец претходната година;

- Во март, потрошувачките цени регистрираа годишен раст од 14,7% (16,7% во февруари 2023 година) што преставува забавување на годишниот раст во споредба со минатиот месец, а на месечно ниво стапката на инфлација се намали за 0,1%;

- Во периодот јануари - март 2023 година извозот забележа раст од 9,6%, а увозот пад од 2,8%, што резултираше со намалување на трговскиот дефицит за 29,7%, споредено со истиот период од 2022 година;

- Вкупните приходи на Буџетот во периодот јануари - март 2023 година изнесуваа 66.272 милиони денари, односно 7,5% од БДП, што претставува повисоко остварување за 16,1% во однос на истиот период од 2022 година;

- Вкупните расходи на Буџетот во периодот јануари – март 2023 година изнесуваа 69.863 милиони денари, односно 7,9% од БДП, што е за 9,5% повеќе во однос на истиот период од претходната година;

- Вкупните кредити на банките во март 2023 година се зголемија за 6,6% во споредба со март 2022 година, а вкупниот депозитен потенцијал на банките оствари раст од 6,8%.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

# 1. РЕАЛЕН СЕКТОР

## Индустриско производство

Индустриското производство во март 2023 година забележа раст од 1,3% во споредба со истиот месец претходната година. Растот во март 2023 година се должи на зголеменото производство во секторите Преработувачката индустрија (за 2,4%) и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација кој бележи раст од 10,1%, додека намалување на производството бележи секторот Рударство и вадење на камен (за 11,5%).



Графикон 1.1: Индустриско производство (стапки на раст во %)

Раст на производството во март 2023 година бележат 13 од вкупно 27 индустриски гранки кои сочинуваат 50,1% од вкупната индустрија. Од гранките со повисока додадена вредност, раст во март 2023 година е забележан кај производството на моторни возила, приколки и полуприколки, раст од 18,1% со придонес од 1,9 п.п., производството на машини и уреди бележи зголемување од 6,6% со придонес од 0,5 п.п. и производството на електрична опрема бележи раст од 1,3% со придонес од 0,1 п.п..



Графикон 1.2: Структура на растот на индустријата (придонеси во п.п.)

Од традиционалните гранки во март 2023 година, зголемување на производството се забележува кај гранките: производството на пијалаци се зголеми за 40,3% со придонес од 1,5 п.п., производството на тутунски производи регистрираше раст од 29,9% со придонес од 0,3 п.п., производството на текстил се зголеми за 2,5% со придонес од 0,1 п.п. и производството на кожа бележи раст од 60,4% со придонес од 0,4 п.п., додека прехранбената индустрија се намали за 6,4% со придонес од -0,7 п.п., а производството на облека се намали за 6,3% со придонес од -0,4 п.п..

Зголемување на индустриското производство според намената на произведените единици во март 2023 година е резултат на зголеменото производство кај следните гранки: Енергија (раст од 5,5% со придонес од 0,5 п.п.), Капитални производи (раст од 11,8% со придонес од 2,4 п.п.) и Нетрајни производи за широка потрошувачка (раст од 8,0% со придонес од 2,6 п.п.), додека намалување на производството бележат гранките: Интермедијарни производи, освен енергија (пад од 11,0%, придонес од -3,8 п.п.) и Трајни производи за широка потрошувачка (пад од 5,1% и придонес од -0,2 п.п.).

На кумулативна основа, во периодот јануари-март 2023 година индустријата забележа раст од

0,1%, што се должи на зголеменото производство во секторот Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 25,0% (придонес од 1,8 п.п.), додека намалување на производство бележат секторите Рударство и вадење на камен од 4,0% (придонес од -0,4 п.п.) и Преработувачка индустрија од 1,4% (придонес од -1,1 п.п.).

Според намената на произведените единици, раст во периодот јануари-март 2023 година е регистриран во гранките: Енергија (18,2%), Капитални производи (6,7%) и Нетрајни производи за широка потрошувачка (8,1%), додека пад се бележи во гранките: Интермедијарни производи, освен енергија (15,1%) и Трајни производи за широка потрошувачка (4,0%),







## Број на работници во индустријата

Бројот на работници во индустријата во март 2023 година е зголемен за 1,1% во споредба со истиот месец претходната година. Растот се должи на зголемениот број работници во секторот Преработувачка индустрија од 1,6%, додека намалување на бројот на работници бележат секторите Рударство и вадење камен од 2,7% и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 3,7%. Сепак, постојат гранки со висок раст на вработеноста, како што се: производство на моторни возила, приколки и полуприколки со раст од 16,1%, како и производство на електрична опрема и производство на основни фармацевтски производи и фармацевтски препарати со раст од по 2,6%.




Податоците за бројот на работници во индустријата по наменски групи во март 2023 година во однос на истиот месец од минатата година покажуваат дека раст на бројот на работници бележи само групата Капитални производи од 12,7%.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

Кумулативните податоци покажуваат дека бројот на работници во индустријата јануари-март 2023 година бележи раст од 1,2%, што се должи на зголемениот број на секторот Преработувачка индустрија од 1,7%, додека намалување на бројот на работниците бележат секторите Рударство и вадење на камен од 2,7‘% и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 3,8%.

Во однос на наменските групи, бројот на работници во индустријата во периодот јануари-март 2023 година е зголемен кај Капитални производи за 13,2%.

## Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите

Во март 2023 година издадени се вкупно 415 одобренија за градење, што претставува раст од 11,3% во однос на истиот месец од 2022 година. Споредено со февруари 2023 година, бројот на издадени одобренија за градење е зголемен за 17,9%. Предвидената вредност на објектите според издадените одобренија за градење во март 2023 година на годишна основа е повисока за 21,9%, а во однос на претходниот месец истата бележи пад од 43,5%.

Анализирано по видови објекти, од вкупниот број издадени одобренија за градење, 220 (или 53%) се наменети за објекти од високоградба, 108 (или 26%) за објекти од нискоградба и 87 (или 21%) за реконструкција на објекти.

Анализирано по типови инвеститори, од вкупно 415 издадени одобренија за градба, на 229 објекти (или 55.2%) како инвеститори се јавуваат физички лица, а на 186 објекти (или 44,8%) инвеститори се деловни субјекти.

Со издадените одобренија за градење во март 2023 година предвидена е изградба на 478 стан со вкупна корисна површина од 53.346м². Бројот на предвидени станови за изградба на месечно ниво е намален за 63,1%, а на годишно ниво за 4,6%.

Графикон 1.5: Одобренија за градење и вредност на работите
*(број во единици; вредност во милиони денари)*




Извор: ДЗС.

Графикон 1.6: Структура на издадените одобренија за градење по региони *(март 2023)*




Извор: ДЗС.

**Графикон 1.7:** Предвидена вредност на објектите по региони
*(во милиони денари)*






Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk
MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

## Инфлација

Потрошувачките цени во март регистрираа годишен раст од 14,7% (16,7% во февруари 2023 година) што преставува забавување на годишниот раст во споредба со минатиот месец. Инфлацијата главно се должи на нивото на цените на храната, енергенсите, како и на растот на базичната инфлација. Цените на струјата во 2022 година се зголемија како резултат на одлука на РКЕ за зголемување во два наврати.

Базичната инфлација (инфлација од која е исклучено влијанието на цените на храната и енергенсите) во март регистрира зголемување од 9,4% на годишна основа (10,2% претходниот месец), при што најголем позитивен придонес имаат зголемените цени на Ресторанитe и хотелите, како и цените во категоријата Мебел, покуќнина и редовно одржување на домаќинствата.



Графикон 1.8: Инфлација според COICOP
(*стапки на раст во %*)
Извор: ДЗС.

Цените во категоријата Храна и безалкохолни пијалаци, којашто има најголемо учество (8,9 п.п. придонес во раст во март) при пресметката на Индексот на трошоците на животот, се зголемија за 21,7% (25,3% претходниот месец) на годишно ниво. Растот на цените на храната се должи на зголемувањето на цените на повеќе продукти, при што најголем позитивен придонес имаа следните поткатегории: месото (годишен раст од 28,6%, придонес 2,6 п.п.), млеко, сирење и јајца (годишен раст од 29,4%, придонес 2,3 п.п.) и лебот и житните производи (годишен раст од 26,9%, придонес 2,2 п.п.). Цените на маслото во март регистрираа зголемување од 11,7%.

Гледано по компоненти, по категоријата Храна и безалкохолни пијалаци највисок годишен раст на цените во март 2023 година е забележан во категоријата Ресторани и хотели од 18,7%. Раст на цените е регистриран кај сите категории, и тоа: Мебел, покуќнина и редовно одржување во домаќинствата од 16,6%, Разновидни стоки и услуги од 15,5%, Домување, вода, електрика, гас и други горива од 15,3%, Рекреација и култура од 7,3%, Транспорт од 4,2%, Здравствена заштита од 3,8%, Образование од 3,7%, Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици од 3,5%, Облека и обувки од 3,3% и Комуникации од 1,0%.



Графикон 1.9: Структура на инфлацијата според COICOP
(*придонеси во п.п.*)
Извор: ДЗС.

Потрошувачките цени во март се намалија за 0,1% (минатиот месец цените се зголемија за 0,6%). Категоријата Храна и безалкохолни пијалаци овој месец регистрираше пад од 0,6%( пад од 0,8% на храната), пришто најголем придонес во намалувањето на месечно ниво имаат намалените цени на лебот и житата за 4,7% и млекото, сирењето и јајцата за 2,6%. Намалувањето на цените на храната се должи на

владините мерки со кои од месец март беше донесено одлука за намалување и замрзнување на цените на оддредени категории основни прехрамбени производи меѓу кои и горенаведените кои имаат најголемо учество во прехранбената компоненатa на инфлацијата.

Во март раст на цените регистрираа следниве категории: Домување,вода, електрична енергија, гас и други горива од 0,9%, Ресторани и хотели од 0,8%, Разновидни стоки и услуги од 0,7%, Мебел, покуќнина и редовно одржување во домаќинствата од 0,6%, Здравствена заштита од 0,5%, Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици за 0,2% и Рекреација и култура од 0,1%.

Пад на цените на месечно ниво освен на храната е регистриран во категориите Транспорт од 1,1% и Облека и обувки од 0,1%. Цените во категориите Образование и Комуникации останаа непроменети.

Во март 2023 година цените на мало се зголемија за 10,7% на годишно ниво. На месечна основа, цените на мало регистрираа пад од 0,1% што го отсликува и ефектот на мерките за намалување и замрзнување на цените во трговијата на мало. Во првите три месеци од 2023 година цените на мало се зголемија за 12,1%.

Во Еврозоната стапката на инфлација во март 2023 година регистрира забавување и изнесува 6,9% (8,5% во февруари). Гледано по компоненти цените на храна, алкохол и тутун се зголемија за 15,4% (15,0% во февруари), следен од порастот на цените на не-енергетските индустриски добра од 6,6% (6,8% во февруари) , услугите од 5,0% (4,8% во февруари), додека овој месец цените на енергијата за прв пат регистрираат пад од 0,9% (во февруари цените за зголемија за 13,7%). Согласно забавувањето на стапката на инфлација, очекувањата за движењето на цените на храната на светските берзи, како и намалените цени на енергијата ЕЦБ ја ревидираше во надолна насока стапката на инфлација, и согласно проекциите од март стапката на инфлација во 2023 година би достигнала 5,3% во 2023 и 2,9% во 2024 и 2,1% во 2025.

## Берзански цени

Цената на суровата нафта (Brent) на светските берзи во март 2023 година на месечно ниво регистрира пад од 5,1% и изнесува 78,5 долари за барел (веќе неколку месеци по ред цената на нафтата е под 100 долари за барел). Цената на суровата нафта забележа драматичен раст од февруари 2022 година како резултат на војната помеѓу Русија и Украина односно стравувањата од прекин во снабдувањето поради воведените санкции од страна на западните земји кон Русија и можните контрасанкции од страна на Русија, меѓутоа од јули 2022 година цените забележаа пад како резултат на зголемените стравувања од глобална рецесија, воведените карантини во Кина и постојаниот раст на каматните стапки, што може да предизвика намалување на побарувачката. На годишно ниво, цената на нафтата е пониска за 32,1%.

Графикон 1.10: Промена на цената на суровата нафта (Брент)
*(цена во долари/барел; стапка на раст во %)*




Извор: Светска банка; пресметки на МФ.

Во 2022 година, цената на природниот гас континуирано регистрираше високи стапки на раст (раст од 115,5% во споредба со 2021 година) како резултат на зголемената побарувачка особено по нападот на Русија врз Украина. Во август 2022 година, цената на гасот регистрира рекорден раст, меѓутоа од септември истата забележа пад како резултат на поволните временски услови и обезбедените залихи гас. Како резултат на тоа трендот продолжи и во 2023 година. Во март 2023



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk
MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

година, цената на природниот гас регистрира пад од 12,9% на месечно ниво. На годишно ниво, цената на природниот гас во март 2023 година се намали за 61,4%.

Цените на енергентите на светските и регионалните берзи во 2021 и 2022 година значително се зголемија во однос на 2020 година. Кон крајот на 2022 и почетокот на 2023 година се забележува одредено стабилизирање, па така во март 2023 година цената на електричната енергија според Унгарската берза на електрична енергија (HUPX) изнесува 113,4 евра за мегават/час и на месечно ниво е намалена за 22,5%. На годишно ниво, во март цената на електричната енергија регистрира пад од 60,3%.

Графикон 1.11: Промена на цената на природниот гас
*(базичен индекс; стапка на раст во %)*




Извор: Светска банка; пресметки на МФ.

Во март 2023 година цените на повеќето основните метали со исклучок на оловото (раст од 1,1%) регистрираа намалување и тоа: никел за 12,9%, калај за 10,7%, цинк за 5,3%, алуминиум за 5,0% и бакар за 0,9%. Цената на железната руда регистрира раст од 0,6%.

Цените на пченката и пченицата на светските берзи во март 2023 година на месечна основа се намалија за 5,3% и 8,7%, соодветно. Цената на сончогледовото масло регистрира пад од 7,2% во споредба со претходниот месец.

Графикон 1.12: Берзански цени на метали
*(цени во долари/тон)*




Извор: Светска банка.

# 2. НАДВОРЕШНОТРГОВСКА РАЗМЕНА

Вкупната надворешно - трговска размена во првите три месеци од 2023 година изнесува 4.884,0 милиони евра и бележи раст од 2,2% во однос на истиот период од минатата година.

Во периодот јануари - март 2023 година, учеството на размената со Европската унија (ЕУ 27[1]), како најголем трговски партнер, е зголемено за 2,1 п.п. споредено со истиот период од претходната година и изнесува 62,1%. Германија е најзначаен трговски партнер на нашата земја. Во структурата на вкупната надворешно-трговска размена на нашата земја, учеството на трговската размена со Германија во првите три месеци од 2023 година изнесува 25,4% и е зголемено за 2,2 п.п. во однос на истиот период од 2022 година.

Графикон 2.1: Надворешна трговија
*(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

Графикон 2.2: Надворешно-трговска размена со Германија и ЕУ 27 *(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

## Извоз

Вредноста на извезените стоки во периодот јануари - март 2023 година, изнесува 2.125,7 милиони евра и бележи раст од 9,6% (186,5 милиони евра) во однос на истиот период од 2022 година, а физичкиот обем на извозот бележи пад од 1,9%.

Вредноста на извезените стоки во март 2023 година изнесува 785,8 милиони евра и бележи раст од 8,7% (62,9 милиони евра) во однос на истиот месец претходната година, а физичкиот обем на извозот е намален за 2,2% споредено со март од 2022 година.

Анализирано на месечно ниво, во март 2023 година извозот бележи раст од 9,3% (66,9 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на извозот, истиот регистрира месечен раст од 3,6%,

Графикон 2.3: Структура на извозот по СМТК




Извор: ДЗС.

[1]Започнувајќи од март2021 година, Велика Британија се распределува во групацијата - Останати земји

што укажува на позитивното влијание на сезонскиот фактор (5,8 п.п.) врз извозот во овој месец.

Главни групи производи (според СМТК[2]) со најголемо учество во извозот во периодот јануари - март 2023 година се: хемиски материи и производи, електрични машини и делови, железо и челик, друмски возила, облека, мебел и негови делови и електрична енергија. Овие седум групи производи сочинуваат 72,3% од вкупниот извоз на државата.




Анализирано според економските групации[3] на земјите, во периодот јануари - март 2023 година споредено со истиот период од 2022 година, извозот бележи раст кај групациите: ЕУ 27, ЕФТА, Западен Балкан и Заедница на независни држави, додека пад има кај групациите: Организација на земјите извознички на нафта и нафтени деривати, Северноамериканска зона на слободна трговија и Организација за економска соработка на земји од Азиско - пацифичкиот регион. Извозот во ЕУ 27 бележи раст од 11,3% на годишно ниво, а кај земјите од Западен Балкан истиот бележи раст од 11,2%, при што извозот на стоки во ЕУ 27 и земјите од Западен Балкан во вкупниот извоз на Република Северна Македонија учествува со 79,5% и 11,1%, соодветно.

## Увоз

Вредноста на увезените стоки во периодот јануари - март 2023 година изнесува 2.758,3 милиони евра и бележи пад од 2,8% (80,8 милиони евра) во однос на истиот период од 2022 година, а физичкиот обем на увозот бележи пад од 3,7%.

Вредноста на увозот во март 2023 година изнесува 993,8 милиони евра, што претставува пад од 5,1% (53,8 милиони евра) во однос на истиот месец од 2022 година, а увезените




[2] Стандардна Меѓународна Трговска Класификација

[3] Економските групации ги опфаќаат следните земји: ЕУ 27 (Австрија, Белгија, Бугарија, Хрватска, Кипар, Чешка, Германија, Данска, Естонија, Шпанија, Финска, Франција, Грција, Унгарија, Ирска, Италија, Литванија, Луксембург, Латвија, Малта, Холандија, Полска, Португалија, Романија, Шведска, Словенија и Словачка); ЕФТА (Швајцарија, Исланд, Лихтенштајн и Норвешка); Организација на земјите извознички на нафта и нафтени деривати (Обединети Арапски Емирати, Ангола, Алжир, Еквадор, Ирак, Иран, Кувајт, Либија, Нигерија, Катар, Саудиска Арабија и Венецуела); Западен Балкан (Албанија, БиХ, Црна Гора, Северна Македонија, Косово и Србија); Северноамериканска зона на слободна трговија (Канада, Мексико и САД); Организација за економска соработка на земјите од Азиско - пацифичкиот регион (Австралија, Брунеи, Канада, Чиле, Кина, Хонг Конг, Индонезија, Јапонија, Кореа, Мексико, Малезија, Нов Зеланд, Перу, Папуа Нова Гвинеја, Филипини, Русија, Сингапур, Тајланд, Тајван, САД и Виетнам) и Заедница на независни држави (Ерменија, Азербејџан, Белорусија, Киргистан, Казахстан, Молдавија, Русија, Таџикистан, Туркменистан, Украина и Узбекистан).

количини стоки се намалени за 7,2% споредено со март 2022 година.

Табела 2.1. Преглед на извозот и увозот на селектирани групи на производи

| Извоз на нафта и производи од нафта*) | I-III-2022 | I-III-2023 | Салдо | Стапки во% |
|---|---|---|---|---|
| 000 Т | 34,6 | 31,1 | -3,5 | -10,1 |
| Мил.ЕУР | 28,7 | 27,6 | -1,1 | -3,8 |
| Мил.$ | 32,2 | 29,6 | -2,5 | -7,9 |

| Увоз на нафта и производи од нафта*) | I-III-2022 | I-III-2023 | Салдо | Стапки во% |
|---|---|---|---|---|
| 000 Т | 300,6 | 307,0 | 6,4 | 2,1 |
| Мил.ЕУР | 228,8 | 230,9 | 2,1 | 0,9 |
| Мил.$ | 256,1 | 247,9 | -8,3 | -3,2 |

*)Претходни податоци

| Извоз на хемиски производи*) | I-III-2022 | I-III-2023 | Салдо | Стапки во% |
|---|---|---|---|---|
| 000 Т | 14,4 | 18,7 | 4,3 | 29,9 |
| Мил.ЕУР | 570,1 | 624,5 | 54,5 | 9,6 |
| Мил.$ | 640,3 | 670,4 | 30,1 | 4,7 |

| Увоз на хемиски производи*) | I-III-2022 | I-III-2023 | Салдо | Стапки во% |
|---|---|---|---|---|
| 000 Т | 7,4 | 6,2 | -1,1 | -15,5 |
| Мил.ЕУР | 48,3 | 45,1 | -3,2 | -6,6 |
| Мил.$ | 54,1 | 48,4 | -5,7 | -10,5 |

*)Претходни податоци

| Извоз на железо и челик *) | I-III-2022 | I-III-2023 | Салдо | Стапки во% |
|---|---|---|---|---|
| 000 Т | 212,4 | 182,1 | -30,3 | -14,3 |
| Мил.ЕУР | 257,9 | 156,1 | -101,8 | -39,5 |
| Мил.$ | 288,8 | 167,5 | -121,2 | -42,0 |

| Увоз на железо и челик*) | I-III-2022 | I-III-2023 | Салдо | Стапки во% |
|---|---|---|---|---|
| 000 Т | 230,0 | 186,5 | -43,5 | -18,9 |
| Мил.ЕУР | 186,7 | 139,3 | -47,4 | -25,4 |
| Мил.$ | 209,5 | 149,9 | -59,5 | -28,4 |

*)Претходни податоци

Анализирано на месечно ниво, во март 2023 година увозот бележи раст од 8,6% (78,8 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на увозот, истиот регистрира месечен раст од 1,9%, што укажува на позитивното влијание на сезонскиот фактор (6,7 п.п.) врз увозот во овој месец.

## Салдо на трговска размена

Во периодот јануари - март 2023 година, трговскиот дефицит се намали за 29,7% односно 267,3 милиони евра споредено со истиот период минатата година.

Во март 2023 година, трговскиот дефицит се намали за 35,9% односно 116,8 милиони евра споредено со март 2022 година.

Графикон 2.6: Надворешно-трговска размена
*(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

Доколку салдото на извозот и увозот на стоки го анализираме по економска намена, намалувањето на дефицитот е резултат од намалувањето на дефицитот во размената со горива и мазива, индустриски набавки, стоки за широка потрошувачка и стоки за инвестиции без транспортна опрема, како и зголемувањето на позитивното салдо во размената со транспортна опрема. Од друга страна, кон зголемување на негативното салдо дејствуваше зголемувањето на дефицитот во размената со храна и пијалаци.

Во периодот јануари - март 2023 година 87,9% од трговскиот дефицит на земјата е остварен во размената со Велика Британија и Кина, а потоа следуваат: Грција, Турција, Русија, Србија,

Полска, Италија и други. Суфицит е остварен во размената со Германија, Косово, Белгија, Шпанија, Унгарија и Чешка.

## Валутна структура

Гледано по валутна структура 92,9% од трговската размена во периодот јануари - март 2023 година е реализирана во евра, што во однос на истиот период од 2022 година претставува зголемување за 2,2 п.п.. На страната на извозот и увозот, еврото е застапено со 95,2% и 91,2%, соодветно, при што застапеноста на еврото кај извозот е зголемена за 3,3 п.п., а застапеноста на еврото кај увозот е зголемена за 1,3 п.п. во однос на периодот јануари – март 2022 година.

Табела 2.2 Надворешнотрговска размена на Република Северна Македонија (по валути); пресметки на МФ

| увоз | I-III-2022 | | | | | I-III-2023 | | | | | апсолутна промена во валутна вредност | релативна промена во валутна вредност (во%) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| валута | колич. 000 t | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ.во% | колич. 000 т | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ.во% | | |
| ЕУР | 1.358,4 | 2.555.026.301 | 61,6252 | 157.454.006.826 | 89,9 | 1.595,6 | 2.514.910.381 | 61,6670 | 155.086.978.485 | 91,2 | -40.115.920 | -1,6 |
| УСД | 433,3 | 296.509.342 | 51,2797 | 15.204.910.124 | 8,7 | 129,0 | 240.832.647 | 57,5188 | 13.852.404.869 | 8,1 | -55.676.695 | -18,8 |
| ГБП | 0,4 | 4.721.588 | 71,1297 | 335.845.173 | 0,2 | 0,4 | 4.864.035 | 69,8273 | 339.642.397 | 0,2 | 142.446 | 3,0 |
| ЕУР+УСД+ГБП | 1.792,0 | | | 172.994.762.124 | 98,6 | 1.724,9 | | | 169.279.025.752 | 99,5 | | |
| вк извоз: | 1.795,8 | | | 175.156.400.442 | 100,0 | 1.728,7 | | | 170.120.943.412 | 100,0 | | -2,9 |

Извор: Државен завод за статистика и НБРСМ

# 3. ФИСКАЛЕН СЕКТОР

## Буџетски приходи според економската класификација

Вкупните приходи на Буџетот во периодот јануари - март 2023 година изнесуваа 66.272 милиони денари, односно 7,5% од БДП, што претставува повисоко остварување за 16,1% во однос на истиот период од 2022 година. Во споредба со месец март од претходната година, буџетските приходи бележат зголемување од 31,3%, додека во месец јануари 2023 година е забележан годишен раст на приходите од 15,0%, а во месец февруари 2023 година е регистриран пад од 0,5%.

Графикон 3.1: Приходи по категории (износи во милиони денари)




Извор: МФ.

Даночните приходи се реализирани во износ од 35.569 милиони денари и се повисоки за 3,4% во однос на периодот јануари – март 2022 година, како резултат на растот на приходите од персоналниот данок на доход, данокот на добивка, акцизи и увозните давачки.

Приходите од ДДВ имаат доминантно учество од 46,3% во вкупните даночни приходи со остварен износ од 16.482 милиони денари и бележат намалување од 3,8% во однос на перидот јануари – март претходната година. Притоа, ДДВ годинава е наплатен во бруто-износ од 26.587 милиони денари, од кои на даночните обврзници им е извршен поврат во износ од 10.105 милиони денари (бруто-наплатата е пониска за 1,3%, додека повратот по основ на ДДВ е повисок за 3,2% споредено со 2022 година). Во структурата на ДДВ најголемо е учеството на ДДВ од увоз којшто забележува пониско остварување за 13,3%, додека ДДВ од прометот во земјата забележа зголемување од 32,6%.

Акцизите се остварени во износ од 5.918 милиони денари (учество од 16,6% во даночните приходи), што претставува зголемување од 3,5% во споредба со периодот јануари – март 2022



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

година. Така, само од овие два индиректни данока вкупно се остварени приходи од 22.400 милиони денари, што претставува 63,0% од вкупните даночни приходи во периодот јануари – март 2023 година.

Приходите од данокот на личен доход се остварени во износ од 5.914 милиони денари и бележат раст од 16,9% на годишна основа, а притоа 64,2% од приходите се од плата и други лични примања, 6,9% од приходи од капитал, 8,5% од приходи по основ на договор на дело, 7,9% од приходи од игри на среќа и наградни игри и 12,5% од други видови данок на доход.

Приходите од данокот на добивка во периодот јануари – март 2023 година изнесуваа 4.571 милиони денари и забележаа поголемо остварување за 18,1% во однос на истиот период од претходната година како резултат на позитивните остварувања кај месечните аконтации коишто се зголемени за 36,7%, а даночните биланси се зголемени за 1,9%.

Приходите од царина се остварени во износ од 2.505 милиони денари и забележаа зголемување од 1,8%. Приходите од други даноци со остварен износ од 179 милиони денари, забележаа зголемено остварување за 7,8% во однос на истиот период од минатата година.

Социјалните придонеси се остварени во износ од 20.755 милиони денари, што претставува поголемо остварување за 20,0% споредено со претходната година. Притоа, наплатата кај придонесите за пензиско и инвалидско осигурување е повисока за 20,1%, кај придонесите за вработување за 20,3% и кај придонесите за здравствено осигурување е повисока за 19,7%.

Неданочните приходи се остварени во износ од 4.167 милиони денари и во однос на перидот јануари – март 2022 година забележаа повисоко остварување за 13,2% (во овие приходи спаѓаат приходите од профит од јавни институции, административни такси и глоби, концесии и др.).

Капиталните приходи реализирани по основ на продажба на градежно земјиште, станови и дивиденди, се оствари ја во износ од 193 милиони денари, што е намалување од 31,3% во однос на минатата година.

Приходите од странски донации од меѓународна и билатерална соработка се оствари ја во износ од 5.260 милиони денари и се повисоки за 6 пати во однос на истиот период од 2022 година.

## Буџетски расходи според економската класификација

Вкупните расходи на Буџетот во периодот јануари – март 2023 година изнесуваа 69.863 милиони денари, односно 7,9% од БДП, што е за 9,5% повеќе во однос на истиот период од претходната година.

Во структурата на реализираните вкупни расходи, тековните расходи во износ од 64.555 милиони денари учествуваа со 92,4% и се зголемени за 9,7% во однос на периодот јануари – март 2022 година.

Платите и надоместоците се реализирани во износ од 8.192 милиони денари, што претставува зголемување за 5,2% во однос на истиот период од претходната година, а нивното структурно учество во вкупните расходи на Буџетот изнесува 11,7%.

Расходите за стоки и услуги изнесуваа 4.470 милиони денари и споредено со периодот јануари – март 2022 година забележаа зголемување од 9,2%.

Графикон 32: Расходи по категории
(износи во милиони денари)



Извор: МФ.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk
MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

Доминантно учество во тековните расходни ставки имаа трансферите коишто изнесуваа 48.338 милиони денари. Средствата за трансфери бележат раст од 8,6% во однос на периодот јануари – март 2022 година, а учествуваа со 69,2% во вкупните расходи.

Во рамки на трансферите, раст од 13,4% се забележува кај социјалните трансфери, кои изнесуваа 35.008 милиони денари, со што учествуваат во вкупните расходи со 50,1%. Трансферите кон Фондот на пензиското и инвалидското осигурување, коишто зафаќаат најголем дел од социјалните трансфери, се реализирани во износ од 21.384 милиони денари, што е зголемување за 14,8% споредено со периодот јануари – март 2022 година и учествуваат со 30,6% во вкупните расходи. Во категоријата други трансфери е регистрирано намалување од 2,1%, а притоа субвенциите и трансферите изнесуваат 6.309 милиони денари и се намалени за 17,4%. Блок-дотациите кон единиците за локална самоуправа во износ од 5.661 милиони денари бележат зголемување од 17,9% во споредба со истиот период од претходната година.

Во анализираниот период, средствата за капитални расходи се реализирани во износ од 5.308 милиони денари со структурно учество од 7,6% во вкупните расходи, така што забележаа повисока реализација од 8,0% во споредба со периодот јануари – март 2022 година.

## Расходи по буџетски корисници

Во продолжение е даден осврт на буџетските расходи за најголемите буџетски корисници, чиј вкупен годишен буџет изнесува околу 80% од вкупниот буџет на сите буџетски корисници.

Министерството за труд и социјална политика во перидот јануари – март 2023 година реализираше 15.712 милиони денари или 29,4% од вкупниот буџет за тековната година. Притоа, најголем дел (67,5%) од расходите во овој период се наменети за тековни трансфери до вонбуџетските фондови, за што се потрошени 10.605 милиони денари или 30,4% од средствата наменети за 2023 година. Втора најзначајна расходна ставка е социјални бенефиции, којашто учествува со 24,1% во вкупните расходи и за оваа намена реализирани се 29,8% (3.788 милиони денари) од планираните за 2023 година.

Графикон 33: Структура на расходите по буџетски корисници и раздели (март 2023 година)




Извор: МФ.

Во јануари – март 2023 година, преку разделот Министерство за финансии – функции на држава[4] реализирани се 12.274 милиони денари, што претставува 16,6% од предвидените за 2023 година. Отплата на главнина (6.016 милиони денари) е најзначајна ставка во вкупните расходи на овој буџетски корисник со учество од 49,0%, а притоа се реализирани 11,6% од планираните. По основ на каматни плаќања отпаѓаат 28,2% од вкупните расходи, за што се реализирани 3.461 милиони денари или 26,8% од вкупниот буџет за оваа намена. За капитални расходи се издвоени 1.335 милиони денари (37,3% од планираното), односно 10,9% од вкупните расходи на овој буџетски корисник.

Министерството за образование и наука во анализираниот период изврши буџетски средства во износ од 7.905 милиони денари, што е 24,8% од вкупниот буџет за 2023 година. Најголем дел од расходите (60,3%) претставуваат тековни трансфери до ЕЛС, за што се потрошени 4.771 милиони денари или 24,7% од вкупно планираните средства. Плати и надоместоци е втора

[4] Во рамките на овој раздел опфатени се активности како што се: навремено сервисирање на обврските на државата по основ на домашно и странско задолжување; редовна исплата на оперативните трошоци на државата по претходно доставена документација за исплата; учество во капиталот на меѓународни финансиски институции; плаќање ДДВ по основ на капитални инвестиции финансирани од донации, финансирање на проектите од поодделните компоненти од ИПА итн.

најзначајна ставка со учество од 16,2%, за што се потрошени 1.282 милиони денари, односно 24,5% од вкупно предвидените.

Во анализираниот период, од страна на Министерството за внатрешни работи вкупно се реализирани 3.004 милиони денари, што претставува 23,6% од сопствениот буџет за 2023 година. Најзначајна расходна ставка претставува плати и надоместоци со учество од 66,3%, за што се потрошени 1.991 милиони денари или 23,2% од планираното. Втора најзначајна ставка е стоки и услуги со учество од 25,7%, за што се реализирани 771 милиони денари или 31,3% од годишниот план.

Во периодот јануари – март 2023 година, Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР) реализираше средства во износ од 2.919 милиони денари што претставува 33,2% од планираните средства за тековната година. За субвенции и трансфери, коишто учествуваат со високи 95,4% во вкупните расходи, реализирани се 37,6% од планираните средства за цела година, односно 2.785 милиони денари.

Министерството за одбрана во периодот јануари – март 2023 година реализираше буџетски средства во износ од 3.576 милиони денари, што е 21,0% од вкупниот буџет за оваа година. Платите и надоместоците имаат најголемо учество во расходите со 34,7%, за што во овој период се реализирани 1.243 милиони денари (24,9% од вкупно предвидените средства за тековната година). Капиталните расходи учествуваат со 30,4% во вкупните расходи, за што во анализираниот период се потрошени 1.087 милиони денари, односно 16,6% од вкупно предвидените.

Владата на Република Северна Македонија во периодот јануари – март 2023 година реализираше вкупно 1.335 милиони денари, односно 7,5% од планираните средства за 2023 година. Притоа, капиталните расходи учествуваат со високи 76,1% во вкупните расходи на овој буџетски корисник, а реализирани се во износ од 1.016 милиони денари (19,5% од предвидените средства).

Министерството за здравство, во периодот јануари – март 2023 година изврши буџетски средства во износ од 750 милиони денари, што е 10,8% од вкупниот буџет за 2023 година. Тековни трансфери до вонбуџетските фондови имаат најголемо учество во расходите со 40,6%, за што во овој период се потрошени 305 милиони денари или 10,2% од средствата наменети за 2023 година. Втора најзначајна ставка е Стоки и услуги со реализација од 284 милиони денари (9,0% од планираното за годината) и учество од 37,9% во вкупните расходи.

Министерството за транспорт и врски во овој период реализираше средства во износ од 531 милиони денари, што е 2,7% од вкупниот буџет за тековната година. Реализацијата на капиталните расходи како главна ставка изнесува 69,0% од вкупните реализирани средства на овој буџетски корисник (366 милиони денари или 1,9% од вкупно планираните средства).

Деталните податоци за секој буџетски корисник се прикажани во статистичкиот прилог на следниот линк (*http://finance.gov.mk/краткорочни-економски-движења-кед-ме/*).

## Буџетско салдо

Во периодот јануари – март 2023 година е остварен дефицит во Буџетот на Република Северна Македонија од 3.591 милиони денари, што претставува 0,4% од БДП, додека дефицитот на Централниот буџет е остварен во износ од 4.421 милиони денари и претставува 0,5% од БДП. Буџетскиот дефицит во 2023 година изнесува 8,4% од вкупно планираниот буџетски дефицит.

# 4. СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР

## Нововработени и регистрирани невработени лица во Агенцијата за вработување

Во првите три месеци од 2023 година, во Агенцијата за вработување регистрирани се вкупно 49.663 новозасновани работни односи. Во однос на истиот период од 2022 година, вкупниот број нововработени лица е зголемен за 0,8%, со што се продолжи трендот на годишен раст на бројот на новозасновани работни односи, кој во претходниот месец беше прекинат. Бројот на новозасновани работни односи бележи тренд на годишен раст почнувајќи од април 2021 година, па се до јануари 2023 година (со исклучок на август 2022 година). Трендот на раст меѓу другото, беше резултат и на базниот ефект, откако во април 2020 година темпото на вработување беше забавено поради негативните ефекти од пандемијата.




Од вкупниот број нововработени, 41,9% се вработени на неопределено време, а останатиот дел се вработени на определено време и за вршење сезонски работи. Од вкупниот број новозасновани работни односи во март 2023 година, 16,7% се од евиденцијата на невработени.

Вкупниот број невработени лица во март 2023 година изнесува 155.193, од кои 108.675 се активни баратели на работа, а 46.518 се останати невработени лица. На годишна основа, вкупниот број невработени лица е намален за 11,8%. Во однос на претходниот месец, бројот на невработени е намален за 1.557, со што продолжува трендот на пад на бројот на невработени лица кој беше прекинат во октомври 2022 година. Трендот на месечно намалување на бројот на невработени започна во март 2021 година, откако во цела 2020 година па се до февруари 2021 година бројот на невработени генерално беше во пораст.



Најголем дел од активните невработени лица (59,8%) се градско население, а според половата структура 49,0% се мажи. Според степенот на образование, најголемиот дел од невработените лица, односно 68,1%, се со непотполно средно образование или помалку, 24,0% се со завршено средно образование, додека 7,9% имаат вишо или повисоко ниво на образование.

Графикон 4.3: Просечна нето-плата
*(годишни стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС

Анализирано според старосната структура, 49,7% од невработените припаѓаат на возрасната група од 25 до 49 години. Според времето на чекање на вработување, 60,9% од невработените лица чекаат вработување од 1 до 7 години, додека 12,1% чекаат 8 и повеќе години.

## Плати

Просечната номинална нето-плата во февруари 2023 година оствари годишен раст од 13,0%, а во однос на јануари 2023 година истата е пониска за 0,7%. Најголем раст на просечната нето-плата во однос на февруари 2022 година се забележува во следните сектори: Градежништво (21,3%), Информации и комуникации (18,5%) и Објекти за сместување и сервисни дејности со храна (16,5%). Реалните плати во февруари 2022 година забележаа годишен пад од 3,1%.

**Графикон 4.4:** Просечна нето-плата по сектори
*(годишни стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС

Просечната номинална бруто-плата во февруари 2023 година споредено со истиот месец од 2022 година порасна за 13,4%, а на месечна основа истата е пониска за 0,7%. Најистакнат раст на просечната бруто-плата во февруари 2023 година во однос на февруари 2022 година се забележува во следните сектори: Градежништво (21,9%), Информации и комуникации (18,7%) и Објекти за сместување и сервисни дејности со храна (17,1%). Реалната бруто-плата во февруари забележа годишен пад од 2,8%.

## Пензии

Во март 2023 година, во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување евидентирани се 333.145 пензионери. Од вкупниот број пензионери, 69,3% се корисници на старосна пензија, 22,4% се корисници на семејна пензија и 8,3% се корисници на инвалидска пензија.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

Просечната пензија во март 2023 година изнесува 19.094 денари и истата е за 16,7% повисока во однос на истиот месец од 2022 година[5]. Растот на пензиите е резултат меѓу другото и на усогласувањето на пензиите според новата методологија која предвидува усогласување на пензиите со комбиниран модел од 50% пораст на просечната плата и 50% пораст на трошоците на живот, согласно официјалните податоци на ДЗС. Согласно оваа методологија, усогласувањето се врши двапати во годината, односно во март и септември, почнувајќи од март 2022 година.




Соодносот на просечната пензија со просечната исплатена плата во февруари 2023 година (последни расположливи податоци) изнесува 52,2%.

Просечната старосна пензија во март 2023 година изнесува 20.625 денари, просечната инвалидска пензија изнесува 17.050 денари, а просечната семејна пензија 15.119 денари. За исплата на пензиите во март 2023 година се потрошени 5.906 милиони денари, што претставува 47,1% од вкупните социјални трансфери.

# 5. МОНЕТАРЕН И ФИНАНСИСКИ СЕКТОР

Во март 2023 година, Народната банка ја зголеми основната каматна стапка за 0,25 п.п.,односно од 5,25% на 5,50%. Во текот на 2022 година , Народната банка ја зголеми основната каматна стапка во неколку наврати (од 1,25% во март минатата година) како одговор на зголемената инфлација, трендот на зголемување на каматните стапки продолжи и во 2023 година.

Затегнувањето на монетарната политика е резултат на претходно преземените мерки за стабилизирање на монетарната политика, како резултат на растечката инфлација и инфлациските очекувања со цел да се одржи стабилноста на девизниот курс и среднорочната ценовна стабилност.




Во март, расположливите депозити преку ноќ и на седум дена се зголемија за по 0,25 п.п. и изнесуваат 3,40% и 3,45%, соодветно.

[5] При пресметката на просечната пензија не се вклучени воените и земјоделските пензии.

## Примарни пари

Во март 2023 година, примарните пари[6] се зголемија за 1,4% на годишно ниво. Растот на примарните пари се должи на зголемувањето на готовите пари во оптек за 5,9%, додека вкупните ликвидни средства се намалија за 3,0%.

На месечно ниво, примарните пари регистрираа пад од 6,6%, што е резултат на падот на вкупните ликвидни средства за 13,3%, а готовите пари во оптек се зголемија за 0,8%.

## Депозитен потенцијал[7]

Вкупните депозити на банките март 2023 година се намалија за 0,9% на месечно ниво. Секторската анализа укажува дека споредено со претходниот месец, депозитите на претпријатијата се намалија за 2,2%, додека депозитите на домаќинствата се зголемија 0,1%.

Од аспект на валутата, во март 2023 година споредено со претходниот месец, депозитите во домашна валута и странска валута регистрираа намалување од 0,9% и 0,8%, соодветно.

Вкупниот депозитен потенцијал во март 2023 година оствари раст од 6,8% на годишна основа. Анализирано според валутата, депозитите во домашна и странска валута на годишно ниво се зголемија за 7,4% и 6,2%, соодветно.




Од аспект на секторот, на годишно ниво овој месец депозитите на претпријатијата бележат раст од 5,9%, додека депозитите на домаќинствата се зголемија за 8,4%.

Според рочноста, на годишно ниво краткорочните депозити се зголемија за 4,6%, а долгорочните депозити за 5,8%.

Валутната структура на депозитите и понатаму останува стабилна, при што учеството на депозитите во домашна валута доминира во депозитната база и изнесува 55,0%.

Табела 5.1. Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор;

| Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор (март 2023 година) | Во милиони денари | Месечна промена | Годишна промена |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **Депозитен потенцијал** | *485.889* | *-0,9%* | *6,8%* |

[6]Примарните пари се пресметани како збир од готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајна), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва.

[7]НБРСМ ги објави податоците од монетарната статистика, статистиката на другите финансиски институции и статистиката на каматните стапки, по нова методологија. Методолошките промени се направени заради усогласување со препораките од новообјавениот Прирачник и упатство за монетарната и финансиската статистика на ММФ од 2016 година (MFSMCG – IMF, 2016) и Техничката мисија на ММФ од областа на монетарната и финансиската статистика во НБРСМ од 2015 година.

| | | | |
|---|---|---|---|
| Според валута: | | | |
| *Денари* | *267.057* | *-0,9%* | *7,4%* |
| *Странска валута* | *218.832* | *-0,8%* | *6,2%* |
| Според рочност: | | | |
| *Краткорочни* | *213.313* | *-1,3%* | *4,6%* |
| *Долгорочни* | *99.963* | *0,9%* | *5,8%* |
| | | | |
| **Кредити на приватен сектор** | ***423.239*** | ***0,7%*** | ***6,6%*** |
| Според валута: | | | |
| *Денари* | *241.795* | *0,4%* | *3,0%* |
| *Странска валута* | *181.443* | *1,0%* | *11,8%* |
| Според рочност: | | | |
| *Краткорочни* | *68.236* | *-0,6%* | *2,1%* |
| *Долгорочни* | *340.360* | *1,0%* | *8,1%* |
| *Сомнителни и спорни побарувања* | *11.691* | *0,3%* | *-3,7%* |

Извор: НБРСМ

## Кредити на банките

Во март 2023 година, вкупните кредити на банките кон приватниот сектор се зголемија за 0,7% во споредба со минатиот месец. Секторската анализа укажува дека на месечно ниво кредитите кон претпријатијата и кредитите кон домаќинствата се зголемија за 0,5% и 0,8%, соодветно.

Од аспект на валутата, во март 2023 година, на месечно ниво денарските кредити и девизните кредити се зголемија за 0,4% и 1,0%, соодветно.

На годишна основа, во март 2023 година вкупните кредити се зголемија за 6,6%, во услови на раст на кредитите на домаќинствата од 6,8% и раст на кредитите кон претпријатија од 6,2%. Кредитите во домашна валута се зголемија за 3,0%, а кредитите во странска валута за 11,8%.

Од аспект на рочноста, долгорочните кредити бележат годишен раст од 8,1%, а краткорочните кредити од 2,1%.

## Каматни стапки на депозитни банки

Во март 2023 година, вкупната каматна стапка на кредитите се зголеми за 0,04 п.п. во споредба со претходниот месец и истата изнесува 5,04%. Каматната стапка на денарските кредити на месечно ниво се зголеми за 0,05 п.п. и изнесува 5,15%, а каматната стапка на девизните кредити се зголеми 0,04 п.п. и изнесува 4,91%.




Вкупната каматна стапка на депозитите во март 2023 година се зголеми за 0,11 п.п. во однос на минатиот месец и изнесува 1,11%. Каматната стапка на денарските депозити се зголеми за 0,14 п.п. на месечно ниво и изнесува 1,50%, додека каматната стапка на девизните депозити се зголеми за 0,08 п.п. во споредба со претходниот месец и изнесува 0,79%.

## Пазар на капитал

На пазарот на капитал, во март 2023 година вкупниот промет на берзата регистрира раст од 124,4% на месечно ниво, како резултат на растот на прометот од блок трансакциите за 13 пати, како и растот на прометот од класичното тргување од 33%.

Вкупниот промет на берзата во март 2023 година изнесува 496,8 милиони денари и истиот е намален за 29,5% на годишно ниво.




Македонскиот берзански индекс МБИ-10 на крајот на март 2023 година изнесува 5.843,35 индексни поени, при што на месечно ниво индексот е зголемен за 0,7%, а во однос на истиот месец претходната година е намален за 4,2%.

## Девизни резерви

Бруто девизните резерви на крајот на март 2023 година изнесуваа 4.159,2 милиони евра и во однос на претходниот месец регистрираа зголемување од 6,6%, а во однос на март 2022 година се зголемија за 27,1%.